**Известување за концентрација со која Ауди Акциенгезелшафт, Германија ќе стекне контрола над Заубер Холдинг АГ, Швајцарија**
**(предмет бр. 08-80/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.04.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која **Ауди Акциенгезелшафт,** со седиште на Ауто-Унион-Стр. 1, 85057 Инголштат, Германија ќе стекне контрола над **Заубер Холдинг АГ,** со седиште на Вилдбахштрасе 9, 8340 Хинвил, Швајцарија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Ауди Акциенгезелшафт** е главно активно на полето на проектирање, производство, снабдување и дистрибуција на автомобили како и производство и снабдување со резервни делови за автомобили.

Ауди е претпријатие-ќерка во целосна сопственост на Фолксваген АГ ("**ФВ**"; заедно со своите други претпријатија-ќерки "**Групација Фолксваген**"). 53,3% од обичните акции на ФВ се во сопственост на Порше Аутомобил Холдинг СЕ (*Porsche Automobil Holding SE*), што претставува 31,9% од капиталот на ФВ.

Групацијата Фолксваген е производител на патнички возила и комерцијални возила, која своите производи ги нуди под марките: Фолксваген (*Volkswagen*), Фолксваген Комерцијални возила (*Volkswagen Commercial Vehicles*), ШКОДА (*ŠKODA*), СЕАТ (*SEAT*), КУПРА (*CUPRA*), Ауди, Ламборџини (*Lamborghini*), Бентли (*Bentley*), Дукати (*Ducati*) и Порше (*Porsche*).

Групацијата Фолксваген е исто така активна и во други области на бизнисот, како што се производство на дизел мотори со големи отвори за поморски и стационарни апликации, турбополначи и турбомашини, специјални менувачи, компресори и хемиски реактори.

Покрај тоа, групацијата Фолксваген нуди широк спектар на дополнителни брендови и бизнис единици, вклучувајќи финансиски услуги. Фолксваген Фајненшал Сервисис АГ (*Volkswagen Financial Services AG*) се состои од финансирање на дилери и клиенти, лизинг, банкарски и осигурителни активности и управување со возен парк.

Целното друштво е чисто холдинг друштво кое ниту е вклучено во оперативни активности ниту директно во финансирањето на оперативните правни лица.

Има две претпријатија-ќерки: (1) Заубер Моторспорт АГ (*Sauber Motorsport AG*) што го олеснува ангажманот во Формула 1 на Стејк Ф1 Тим Кик Заубер (*Stake F1 Team Kick Sauber*), е активно во Ф1 Еспортс (*F1 Esports*) и гради млади возачи во својата академија, и

(2) Заубер Технолоџис АГ (*Sauber Technologies AG*), кое е активно во активностите за истражување и развој на моторспортот и нуди стручена експертиза за Формула 1 во инженерството, производството и аеродинамиката за трети страни.

Ова вклучува 3Д печатење и тестирање на ветерен тунел за различни производи и решенија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

13.05.2024 година
Скопје